# КРИТИКА И ПРИКАЗИ

## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА — СКОПЈЕ, ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, КНИГА ВТОРА, — МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА, Издание на Општинското собрание и на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Прилеп, Прилеп, 1972. 346

Во вториот том на монографифијата „Прилеп и Прилепско низ историјата" е презентиран периодот меѓу двете Светски војни и НОВ, при што на мошне привлечен начин се осветлени нагорните чекорења кон слободата.

Вториот том успешно се надоврзува на првиот и чини со него нераздвојна целина.

Редакцијата на вториот том ја сочинуваат: Акад. Михаило Апостолски (претседател), Цветан Беличански, д-р Орде Иваноски (секретар), Бранко Кавкалески и Благоја Талески. Редактори на овој том се: Цветан Беличански, д-р Орде Иваноски, Бранко Кавкалески и Благоја Талески.

Автори на вториот том се: Акад. Михаило Апостолски, Цветан Беличански, д-р Орде Иваноски, Бранко Кавкалески, Методија Конески, Коце Солунски и Благоја Талески.

Соработници се: Димче Димески — Екија, Димче Јованоски — Дабовски, Илија Кузмановски и Стеван Стојаноски — Роскопот.

Вториот том содржи два дела (IX и X).

Овој том на монографијата содржи статистички прегледи и табели, шеми на борбените дејства во текот на НОБ, како и бројни фотографии кои го илустрираат недамнешното минато на прилепскиот регион.

Библиографскиот дел на вториот том ја опфаќа основната изворна документација и литература. На крајот е предадено исцрпно резиме на двата тома на монографијата на руски и англиски јазик.

Во деветтиот дел на монографијата (7—115) е изложен историјатот на прилепскиот регион во периодот меѓу двете Светски војни.

Првата глава е посветена на економската положба меѓу двете Светски војни. Во почетокот е даден краток осврт врз населението во прилепскиот регион. Натаму, акцентот е ставен на земјоделството, посебно на аграрната реформа и колонизацијата, развитокот на тутунопроизводството, како и на положбата на шумарството и занаетчиското задругарство. Натаму се претставени зачетоците на индустриското производство, како и рудното богатство во Прилепско. Освен тоа се опфатени: развојот на трговијата и угостителството, појавата на на-

бавно-продавни задруги, како и развојот на сообраќајот, банкарството и осигурувањето.

Во втората глава е презентирана општествено-економската положба на прилепскиот регион во споменатиот период. Во почетокот станува збор за појавата на граѓанските партии, за Комунистичката партија и за синдикалното движење. Притоа посебно се говори: за дејноста на синдикалната подружница на монополските работници, за формирањето на Местен синдикален одбор во Прилеп во 1921 година, за дејноста на синдикалната подружница на железничарските работници во 1920-21 година, за дејноста на синдикалната подружница на шивачките работници во 1919-20 година, како и за дејноста на останатите синдикални подружници. Натаму се опфатени: општинските и парламентарни избори во 1920 година; Обзнаната и забраната на КПЈ; политичките прогони, теророт и корупцијата; учителското здружение; ВМРО (Обединета); Младешката македонска тајна революционерна организација (ММТРО); Шестојануарската диктатура и КПЈ; општинските и парламентарни избори во 1933, 1934, 1935 и 1936 година; IV Земска конференција на КПЈ во 1934 година; активноста на прилепските студенти; здружението на тутунопроизводителите; прилепската партиска организација во времето на консолидацијата на КПЈ; како и парламентарните избори во 1938 година. Мошне подробно е проследена активноста на синдикалното движење од 1921-41 година. Притоа станува збор за дејноста на синдикалните подружници на шивачките, дрводелските, кожаро-чевларските, берберо-фризерските, трговско-угостителските и металските работници, за формирањето и дејноста на Месниот меѓуструковен одбор (ММО), како и за акцијата на работниците во мелницата „Пелагонија“. На крајот е презентирана познатата Илинденска демонстрација во 1940 година.

Во последната глава од IX-от дел е проследен развојот на просветата, науката, културата и спортот.

Десеттиот дел „Прилеп и Прилепско во Втората светска војна“ (118—293) содржи пет глави. На крајот е предаден список на загинатите што е преземен од Могилата на непобедените.

Во овој дел е проследен развојот и растежот на народноослободителното движење — до конечното ослободување. На близу 200 страници пулсира револуционерниот дух на овој бунтарски регион.

Во првата глава е опфатено предвечерјето на окупацијата. Овде, пред сè, станува збор за активноста на партиската организација, за дејноста на групи и активи, за производните активи, за тутунџиските активи, како и за дејноста на младинската организација и организацијата на жените непосредно пред окупацијата.

Во следната глава, „Под окупација 1941 год.“, меѓу другото, станува збор за 6 април 1941 год., за безвластието, за германската окупација, за враќањето од разбиениот фронт, за партиското советување од 9 април 1941, за мерките на германското командантство, како и за општинската кви-

слинишка власт. Натаму се говори: за бугарската окупација; за односот кон доселениците, турската народност и Ромите; за првиот судир; за спортското друштво „Гоце Делчев“; за односот кон бугарските синдикати; за јунските решенија; за јулското советување на народна помош; за првиот леток; за Илинден 1941; за првата партизанска чета; за престрелката на Рид; за првиот партизански одред; за пламнувањето на востанието на 11 октомври 1941 год.; за приливот на нови партизани; за свеченото формирање на партизанскиот одред „Гоце Делчев“; за партизанскиот митинг во с. Царевиќ; за директивата за заминување, како и за штрајкот во прилепската гимназија.

Третата глава е посветена на 1942 година. Во неа се презентирани: разгорот на ослободителната борба, престрелката на Чашка, погибијата на Орде Чопела, формирањето на партизанскиот одред „Димитар Влахов“, свеченоста на „Гавран“, појавата на Војчо Трбиќ, дејноста на Привремениот Покраински комитет, партизанските акции во прилепскиот регион, како и окупаторската офанзива. Притоа се опфатени: престрелката во градот, борбата на Мукос и Дабничкиот масакр. На крајот се говори за формирањето на партизанскиот одред „Ѓорче Петров“, како и за борбата кај Прилепец.

Следната глава е посветена на 1943 година. Овде се говори за постојаниот растеж на народниот отпор, за погребот на Мирче Ацев, за новиот растеж на НОД, за полетот по формирањето на КПМ, за мерките на окупаторот, за партизанската база во Азот, за Илинден 1943, за баталјонот „Мирче Ацев“, за одгласот на Манифестот на Главниот штаб, како и за положбата по Второто заседание на АВНОЈ.

Последната глава е посветена на последната година на окупацијата (1944). Во неа станува збор за доизградување на народната власт, за Февруарскиот поход, за престрелката во градот, за пофалбата на Околискиот комитет на КПМ, за изборот на делегати за АСНОМ, за смртта на Кире Гаврилоски и Круме Волнароски, за партизанскиот одред „Борка Талески“, за формирањето на V Прилепска бригада, за ослободувањето на Прилеп на 9 септември, за народната власт во ослободениот Прилеп, за повторниот продор на Германците, за последното изгонување на Германците и конечното ослободување на градот на 3 ноември 1944 година, како и за првите денови на слободата.

Вториот том на монографијата „Прилеп и Прилепско низ историјата“ го трасира патот кон расветлувањето на недамнешното минато на овој регион и иницира натамошни истражувања во тој правец. Во тоа се огледа неговото примарно значење.

**Д. Д.**